# З А П И С Н И К
## Од Педесеттата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 30.06.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Педесеттата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Беким Лачи, Марјан Велевски, Томислав Кежаровски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Ивана Ефремовски и Миле Грозданоски.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски и Правен консултант Југослав Ѓорѓиевски.***

Педесеттата седница на Програмскиот совет започна во 11:10 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесеттата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 48-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување на Предлог-Правилник за начинот на спроведување на постапките за јавните набавки на услуги за купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни услуги или радиски услуги кои ги доделува Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 48-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и осмата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување на Предлог-Правилник за начинот на спроведување на постапките за јавните набавки на услуги за купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни услуги или радиски услуги кои ги доделува Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори втората точка од Дневниот ред и истакна дека се разгледува Предлог-правилник за начинот на спроведување на постапките за јавните набавки на услуги за купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни услуги или радиски услуги, доставен до Програмскиот совет од страна на директорот на МРТ.

Како и кај сите општи акти од надлежност на Програмскиот совет, и овој Предлог-правилник се разгледува во рамките на законски и статутарни овластувања на советот. Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, општите акти се донесуваат по предлог на директорот, а Програмскиот совет има обврска да ги разгледа, да отвори расправа и да донесе одлука.

Предлог-правилникот е подготвен со цел да се уредат постапките кои произлегуваат од член 23 од Законот за јавните набавки, со кој е предвидено дека од примената на Законот се исклучуваат „јавните набавки на услуги за купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни медиумски услуги или радиопрограмски услуги што ги доделуваат давателите на аудиовизуелни медиумски услуги или радиодифузерите, како и набавките на време за емитување или обезбедување програма што ги доделуваат давателите на аудиовизуелни медиумски услуги или радиодифузерите."

Оттука, предмет на уредување на овој Предлог-правилник не се сите јавни набавки што ги спроведува Македонската радио-телевизија, туку исклучиво оваа категорија на набавки на програмски материјали за кои Законот предвидува посебен режим.

Во Македонската радио-телевизија веќе е во примена интерен акт со кој се уредува начинот на спроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавните набавки. Доколку во наредниот период се утврди потреба од негово дополнување, ревидирање или дополнително усогласување со законската рамка, ќе бидат направени соодветни измени и дополнувања на постојниот акт или, доколку се оцени дека е посоодветно, ќе биде донесен нов акт. Тоа, меѓутоа, нема да влијае врз примената и функционалноста на овој Правилник, бидејќи истиот уредува посебна материја која произлегува од член 23 од Законот за јавните набавки.

Исто така, Претседателот истакна дека е важно да се направи јасна разлика помеѓу овој Предлог-правилник и другите правилници кои Програмскиот совет ги донесе во изминатиот

период. На 47-та седница беше донесен Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавка на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори, кој ја уредува постапката за јавни конкурси. На 49-та седница беше донесен Правилникот за начинот на спроведување на постапките за донации и спонзорства, кој уредува сосема различна материја. Предлог-правилникот што е предмет на разгледување на оваа седница има поинаков предмет на уредување и се однесува на постапките за набавка на програмски материјали согласно член 23 од Законот за јавните набавки.

Предложениот Правилник ги уредува предметот на примена, вредносните прагови, составот и работата на Комисијата за јавна набавка, спречувањето на судир на интереси, текот на постапката, критериумите за избор и начинот на донесување на конечната одлука, при што ги задржува начелата на економичност, квалитет, конкурентност, транспарентност и еднаков третман. Во однос на самиот текст на Предлог-правилникот, Претседателот истакна дека Предлог-правилникот е добро подготвен и дека во однос на неговите одредби нема суштински забелешки, освен потребата да се разгледа можноста за измена на вредносниот праг за кумулативната вредност на набавките што се спроведуваат согласно Правилникот.

Воедно, Претседателот на Програмскиот совет ги информираше присутните дека на седницата присуствува правниот експерт Југослав Ѓорѓиевски, со цел, доколку во текот на расправата се појават правни дилеми или прашања поврзани со законската усогласеност на предложените решенија, да даде соодветни правни појаснувања.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, ја отвори расправата по Предлог-правилникот и предложи да се разгледа можноста за измена на вредносниот праг за кумулативната вредност на набавките што се спроведуваат согласно Правилникот, со предлог истиот да се зголеми од 30.000 на 50.000 евра во денарска противвредност на годишно ниво. Во образложението истакна дека станува збор за набавки на програмски материјали кои се исклучени од примената на Законот за јавните набавки и дека со зголемувањето на прагот би се овозможила поголема оперативност и поефикасно реализирање на програмските потреби на МРТ, без да се нарушат принципите на законитост, транспарентност и отчетност утврдени со Правилникот.

Во понатамошната расправа, Миле Грздановски предложи вредносниот праг дополнително да се зголеми на 100.000 евра во денарска противвредност на годишно ниво, образложувајќи дека таквото решение ќе овозможи поголема оперативност и флексибилност во работењето на МРТ, особено имајќи ја предвид специфичната природа на програмската дејност и потребата од навремено постапување во непредвидени ситуации. На неговиот предлог се приклучи и Музбајдин Ќамиљи, кој истакна дека повисокиот вредносен праг ќе придонесе за

поефикасно функционирање на МРТ и побрза реализација на програмските активности, особено во ситуации кои бараат итно постапување.

Потоа се отвори расправа по доставените предлози и забелешки од Маја Седрак, Ивана Ефремовски, Билјана Бабиќ и Беким Лачи, како и по предлозите на стручните служби на МРТ. Во текот на дискусијата беа прифатени повеќе измени и дополнувања насочени кон дополнително прецизирање на предметот и опфатот на Правилникот, неговата примена, начелата врз кои се темелат постапките, вредносните прагови и начинот на нивната примена, составот и надлежностите на Комисијата за јавна набавка, правилата за спречување судир на интереси, начинот на подготовка на техничката документација, постапката за спроведување на јавниот повик и евалуацијата на понудите, како и постапката за донесување одлука, склучување договор и поднесување приговор, со цел текстот да биде појасен, попрецизен и поусогласен со законската рамка и начелата на законитост, транспарентност, отчетност и еднаков третман.

Воедно, по предлог на стручните служби на МРТ беше прифатено дополнување со кое дополнително се прецизира предметот на уредување на Правилникот и се изврши појасно разграничување на неговата примена во однос на постапките што се уредуваат со другите интерни акти на МРТ.

По спроведената расправа, Програмскиот совет ги разгледа сите предложени измени и дополнувања на Предлог-правилникот и заклучи истите да бидат прифатени и соодветно инкорпорирани во текстот на Предлог-правилникот. Програмскиот совет го задолжи директорот на ЈРП Македонска радио-телевизија, како предлагач на актот, да преземе понатамошни активности согласно законските и статутарните надлежности.

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 50-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството и за дадените предлози и за придонесот во донесувањето на квалитетни нормативни решенија во интерес на Македонската радио-телевизија како јавен радиодифузен сервис, со што ја затвори Педесеттата седница на Програмскиот совет на МРТ во 11:58 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-3737/2
30.06.2026г.

______________________

Давор Пашоски